**Кои се трендовите на рангирање?**

- Во однос на леснотијата на водење бизнис, економиите од Европа и Централна Азија во просек се 55ти рангирани, што е втор највисок регионален просек, по економиите од OECD.
- Највисоко рангирана земја од регионот е Македонија, на 12-то место во глобалното рангирање. Литванија е втора во регионот (на 20-то место), следена од Латвија (22) и Грузија (24).
- Други големи економии од регионот и нивни рангирања се Казахстан (41), Русија (51), Турција (55) и Украина (83).
- Во рамките на регионалните економии, само Таџикистан се наоѓа на последниот дел од рангирањето (132).
- Заштита на малцинските инвеститори е област каде регионалните економии во просек имаат најдобри перформанси (во просек рангирани 46-ти), следени од Започнување бизнис (47) и Регистрација на сопственост (49). За започнување бизнис во регионот потребни се 10 дена во просек, половина од глобалниот просек кој изнесува 20 дена. За регистрација на сопственост е потребно, во просек, исто време во Европа и Централна Азија како и во економиите од OECD.
- Регионот има најмногу простор за подобрување во индикаторот Добивање градежни дозволи (каде просечното рангирање е на 98 место) и Добивање електрична енергија (94). За добивање нов приклучок на на електрична енергија потребни се 119 дена во просек, споредено со 78 дена во економиите на OECD.

**Кои се реформски трендови?**

- 23 од 25 економии во Европа и Централна Азија имплементирале барем една реформа, од вкупно 58, со што го олесниле водењето бизнис во изминатата година. Со 92 проценти од економии кои се реформираат, Европа и Централна Азија го имаа најголемото учество од сите региони.
- Од сите реформи имплементирани во регионот, најголем број беа во Започнување бизнис (10), Добивање градежни дозволи (7), Плаќање даноци (7) и Спроведување договори (7).
- Кипар, Узбекистан и Казахстан беа меѓу 10-те најдобри глобални подобрувачи во изминатата година. Неколку детали за нивните реформи:
    - **Кипар** имплементираше 5 реформи. Меѓу останатите промени, Кипар го олесни решавањето на неликвидноста преку воведување на процедура за реорганизација. Исто така, го подобри пристапот до кредитни информации преку дозволување на кредитните бироа да собираат и известуваат за позитивни кредитни информации и да известуваат за кредитната историја, и на заемобарателите и на гаранторите.
    - **Узбекистан** имплементираше 3 реформи. Го олесни започнувањето бизнис преку воведување на онлајн едношалтерски систем и рационализација на процедурите за регистрација на компанија. Дополнително, го подобри пристапот до кредити преку формирање на модерен, унифициран и базиран на информации заложен катастар.

- **Казахстан** имплементираше 7 реформи, глобално најмногу. Меѓу останатите промени, го олесни започнувањето бизнис преку отстранување на правните барања за користење на компанискиот печат. Исто така го олесни спроведувањето договори преку воведување поедноставени скратени постапки за мали побарувања и преку рационализација на правилата за извршна постапка.

▪ **Русија** е една од 5-те светски економии кои имплементирале 5 или повеќе регулаторни реформи во изминатата година. Го олесни започнувањето бизнис во Москва преку намалување на деновите потребни за отварање корпоративна банкарска сметка. Исто така го поедностави процесот за добивање приклучок за електрична струја и го направи поефтин преку отстранување на (теренска )проверка на броилата од страна на провајдерите на електрична енергија и ревидирање на конекциските тарифи.

**Податоци за рангирање во Европа и Централна Азија**

| Економија | Ранг (1-189) | | Оддалеченост до најдобри глобални практики | | Реформи | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ДБ 2015 | ДБ 2016 | ДБ 2015 | ДБ 2016 | ДБ2015 | ДБ 2016 |
| Албанија | 62 | 97 | 66,77 | 60,50 | 3 | 2 |
| Ерменија | 38 | 35 | 72,68 | 74,22 | 1 | 3 |
| Азербејџан | 63 | 63 | 66,65 | 67,80 | 3 | 3 |
| Белорусија | 43 | 44 | 71,79 | 72,33 | 1 | 2 |
| Босна и Херцеговина | 82 | 79 | 63,36 | 63,71 | 0 | 0 |
| Бугарија | 36 | 38 | 73,62 | 73,72 | 1 | 0 |
| Хрватска | 39 | 40 | 72,50 | 72,71 | 3 | 1 |
| Кипар | 60 | 47 | 67,37 | 71,78 | 2 | 5 |
| Грузија | 24 | 24 | 76,84 | 77,45 | 0 | 2 |
| Казахстан | 53 | 41 | 69,34 | 72,68 | 4 | 7 |
| Косово | 64 | 66 | 66,11 | 66,22 | 2 | 1 |
| Киргистан | 67 | 67 | 65,40 | 66,01 | 0 | 2 |
| Латвија | 22 | 22 | 77,51 | 78,06 | 1 | 3 |
| Литванија | 21 | 20 | 78,19 | 78,88 | 3 | 3 |
| Македонија | 14 | 12 | 79,69 | 80,18 | 3 | 2 |
| Молдавија | 49 | 52 | 70,76 | 70,97 | 2 | 2 |
| Црна Гора | 47 | 46 | 71,05 | 71,85 | 1 | 2 |
| Романија | 37 | 37 | 73,59 | 73,78 | 1 | 3 |
| Русија | 54 | 51 | 69,26 | 70,99 | 2 | 5 |
| Сан Марино | 78 | 76 | 63,64 | 64,21 | 1 | 1 |
| Србија | 68 | 59 | 65,25 | 68,41 | 0 | 2 |
| Таџикистан | 138 | 132 | 51,37 | 54,19 | 4 | 2 |
| Турција | 51 | 55 | 69,93 | 69,16 | 1 | 1 |
| Украина | 87 | 83 | 62,31 | 63,04 | 1 | 1 |
| Узбекистан | 103 | 87 | 58,81 | 62,60 | 2 | 3 |

*Извор: Датабаза на Дуинг бизнис*

*Забелешка:* Рангирањата се врз база на просек на растојанието на секоја од економиите до граничните резултати за 10-те теми вклучени во годинешното збирно рангирање. Ова мерење покажува колку секоја економија е блиску до глобалните најдобри практики во регулирање на бизнисот. Повисок резултат покажува поефикасно бизнис опкружување и посилни правни институции. Резултатите за *Дуинг бизнис 2015 и Дуинг Бизнис 2016 се врз база на нова методологија.*